## IN MEMORIAM



По кратка и тешка болест на 8 јануари 1993 година не напушти примариус д-р Ѓорѓи Лајчароски, стоматолог, специјалист по болести на устата, член на Издавачкиот совет на Македонски стоматолошки преглед, колега, пријател, другар, сопруг и татко на две деца.

Д-р Ѓорѓи Лајчароски е роден на 16. VI 1938 год. во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родниот град. Стоматолошките студии ги завршил на Стоматолошкиот факултет во Белград во 1963 година. Истата година заминал во војска и го завршил едногодишниот задолжителен воен рок. Потоа се вработил во Медицинскиот центар во Прилеп како поливалентен стоматолог.

Како стоматолог беше вреден, работлив, одговорен, добар организатор, со коректен однос спрема пациентите и вработените. Својата струка ја сакаше и сакаше да им помага на пациентите. Таа негова активност, работливост и одговорност не остана незабележана и во 1968 год. беше поставен за ВД началник на стоматолошката служба, а потоа и за шеф на стоматолошката служба при Медицинскиот центар во Прилеп.

Во 1972 год. започнал и специјализација по болести на устата и забите. Неговата работливост и совесност продолжија и како специјалист.

По враќањето од специјализација беше избран за директор на ООЗТ Здравствена служба при Медицинскиот центар во Прилеп.

За целиот свој работен век беше присутен во стручните кругови, на стручните манифестации со своите стручни трудови (има објавено 12 труда), за што во 1982 год., од страна на Републичката комисија за здравство и социјална политика, е избран за примариус.

Покрај стручната и организационата активност, тој беше и општествено активен. Член бил на повеќе одбори и комисии во работната организација, во општината и во Републиката. Делегат бил во Соборот на здружен труд при Собранието на СРМ, член на Одборот за здравство и социјална политика при Собранието на СРМ, член на Управниот одбор на Стоматолошката секција при СЗЛМ, член на Редакциониот одбор на Македонски стоматолошки преглед, надорешен член на Советот на Стоматолошкиот факултет и др.

За својата стручна, организациона и општествена активност има добиено повеќе признанија и дипломи: во 1983 г. признание за најдобар работник при Медицинскиот центар во Прилеп, диплома од СЗЛМ за ангажирање во работата на Сојузот во 1981, благодарница во 1982 за работата и развојот на Заедницата на здравствените организации во СРМ.

Работеше вредно, коректно, незабележливо и така не напушти. Затоа болката за изгубениот колега, другар, пријател и активист е поголема. Тој засекогаш ќе остане во нас, во нашите сеќавања, како солиден колега, пријател и другар. На неговото семејство нека биде утеха што имаа коректен и почитуван татко и сопруг.

Нека му е вечна слава.

**Проф. д-р Ефтим Мирчев**
**Д-р Павлина Николовска**